Врз основа на член 39 од Статутот, а согласно со Општите правила за организација на ФИПС-ед натпревари во спортски риболов, Управниот Одбор на Македонската Риболовна Федерација, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК ЗА НАТПРЕВАРИ И СУДЕЊЕ ВО ДИСЦИПЛИНАТА МЕТОД ФИДЕР „FREE STYLE METHOD FEEDER“ СПОРЕД FIPS-ed 2024

Со овој Правилник се определуваат посебните правила за дисциплината „МЕТОД ФИДЕР“, прилагодени според меѓународната риболовна федерација ФИПС-ед. Тие се применуваат на сите натпревари што се одржуваат во Република Македонија.

Дисциплината „МЕТОД ФИДЕР“ е начин на риболов со метод фидер хранилка и при тоа се користи една фидер риболовна трска со спроводници и променливи врвови, на која има монтирано риболовна машинка.

1. **Технички прописи:**

Натпреварите можат да се организираат на езера, канали или други води со минимална длабочина од 1,5 метар;

Сите натпреварувачи од ист сектор треба да имаат приближно еднакви услови за риболов (висина на брегот, длабочина на водата, конфигурација на теренот и сл.);

Широчината на водата до спротивниот брег, мора да изнесува најмалку 50 метри. Во сушниот период дозволени се отстапувања;

За да се обезбедат подеднакви и фер услови за сите натпреварувачи, организаторот може да одреди максимални и минимални далечини за исфрлање на хранилката со мамецот, помеѓу кои можат да се извршуваат риболовните активности;

Најстрого се забранува, патеката за натпреварот да биде поблиску од 25 метри до далноводи за струја, трансформатори или други електрични уреди;

Задолжително да се избегнуваат местата каде што има мостови или други објекти што можат да го загрозат животот на натпреварувачите, останатите учесници и публиката, како и поголемите заливи кои оневозможуваат рамноправно натпреварување;

Задолжително е обележување на боксови за натпреварувачите. Тие мора да бидат исчистени, тревата искосена и поголемите растенија и камења да бидат отстранети;

Стартниот број и секторот треба да се видливо облежани;

Новинарите, фотографите и тв екипите мора да имаат обележја со знакот ПРЕСС;

Водачите и капитените на екипите на кои им е дозволено да влегуваат во статртното место, задолжително мора да имаат знак КАПИТЕН;

Судиите на натпреварот мора да имаат јасно видлив знак СУДИЈА;

Да се овозможи патека за тренинг која нема да биде попречена од капачи, бродови, чамци и други риболовци;

**2. Димензии на боксот**

Должина од 12 до 20 метри
Широчина најмалку 7 метри се препорачува 8 метри
Простор за службени лица од 1 до 2 метри;

24 часа пред почетокот на пријавувањето за натпреварот, патеката треба да е обележана и стартните места да се означени со броеви;

Стартниот број А1 секогаш е најлево, а следните броеви се поставуваат кон десно;

Стартните броеви мора да бидат поставени пред почетокот на извлекувањето;

Секој сектор мора да биде без прекини. Доколку секторите се раздвоени еден од друг и има прекин на патеката, растојанието треба да изнесува најмалку ТРИ стартни места;

**3.Звучни сигнали**

Звучните сигнали за време на натпреварот треба да бидат кратки и јасни. Во сите случаи се смета почетокот на звучниот сигнал.

Звучните сигнали означуваат:

**1. Првиот сигнал** - пристап на стартното место (боксот);
**2. Вториот сигнал** - 5 минути до почеток на контролата на прихраната и мамките од страна на судиите;
**3. Третиот сигнал** - почеток на контролата на прихраната, мамките, чуварките за риби и риболовните трски од страна на судиите;
**4. Четвртиот сигнал** - почеток на прихранување со тешка прихрана;
**5. Петтиот сигнал** - почеток на ловењето на риби;
**6. Шестиот сигнал** - 5 минути до крајот на ловењето на риби и
**7. Седмиот сигнал** означува крај на ловењето на риби.

**Стандарден распоред на звучни сигнали за натпреварите во дисциплината Метод фидер:**
**До 07:15** Пријавување
**07:30** Извлекување на стартните позиции
**08:00 Прв сигнал**, влегување во стартните места
**08:30 Втор сигнал**, 5 минути до контрола на прихраната и мамките
**08:35 Трет сигнал**, контрола на прихраната и мамките
**09:20 Четврти сигнал**, прихранување со тешка прихрана
**09:30 Петти сигнал**, почеток на ловењето на риби
**14:25 Шести сигнал**, 5 минути до крајот на натпреварот
**14:30 Седми сигнал**, крај на натпреварот

**4. Тренинг**

Организаторот е должен да обезбеди услови за тренирање на патеката. Во неделата кога се одржува натпреварот во деновите пред официјалниот тренинг (понеделник – четврток/петок), треба најмалку една третина од патеката да е слободна за тренирање.

**5. Официјален тренинг**

Официјалниот тренинг не е задолжителен за екипите и натпреварувачите.

Официјалниот тренинг се одржува еден ден пред натпреварот и целата патека треба да биде исчистена и подготвена за тренирање до 8:00 часот. Натпреварувачите за тренинг ги заземаат стартните места по свој избор и треба да се придржуваат кон следните три звучни сигнали:

**09:20 Прв сигнал**, почеток на тешката прихрана

**09:30 Втор сигнал**, почеток на тренингот

**18:00 Трет сигнал**, крај на тренингот

Дозволена е само една тешка прихрана во 09:20 часот. Количеството на прихраната и мамките е определено за претпладневниот дел од тренингот. На попладневниот дел од тренингот дозволена е само лесна прихрана и количеството е ограничено на 5 литри.

Патеката се затвара за тренинг во **18:00** часот.

Од **18:30** па се до почетокот на натпреварот следниот ден, не е дозволено присуство на луѓе на патеката.

### 6. Извлекување на боксови и места за официјалниот тренинг

Овој член се применува за натпревари на кои официјалниот тренинг е задолжителен. Извлекувањето на боксовите за екипните натпревари е во 08:00 часот на првиот ден од тренингот. Секоја екипа го зазема својот бокс и мора да биде подготвена за тренинг до 09:20 (првиот сигнал). Во боксот дозволено е да тренира и резервниот натпреварувач.

Кај натпреварите во поединечна конкуренција нема извлекување на стартни места. Натпреварувачите можат да го заземат било кое слободно место на патеката.

### 7. Извлекување на броеви кај екипните натпревари

Кај екипните натпревари на кои официјалниот тренинг е задолжителен, еден ден пред натпреварот во 15:00 часот, се одржува состанок на капитените на кој со ждрепка се одредува редоследот на извлекувањето и секторите за секој натпреварувач одделно.

Доколку некоја од екипите отсуствува на состанокот, извлекувањето го врши овластено лице или претставник на организаторот.

Ако официјалниот тренинг не е задолжителен, извлекувањето се врши пред самиот натпревар според утврдената саатница.

Секторите се извлекуваат одделно за секој натпреварувач. Тоа го прави капитенот на екипата или самиот натпреварувач.

Доколку на натпреварот се пријавени мал број екипи и нема можност да се примени однапред подготвена комбинација од ФИПС-ед, извлекувањето се врши посебно за секој натпреварувачки ден. При тоа се внимава натпреварувачи од иста екипа да не добијат и почетно и крајно место на патеката.

Ако натпреварот трае два натпреварувачки дена или се одржуваат две кола едно по друго (сабота и недела), иста екипа или поединец, не може да добие две почетни или крајни места на патеката во двата дена. Ова правило се применува и ако патеката има прекини помеѓу секторите.

### 8. Извлекување на стартните броеви кај поединечните натпревари

Извлекувањето на стартните броеви се врши посебно за секој натпревар, најмалку 150 минути пред почетокот. Задолжително е присуството на организаторот, главниот судија и натпреварувачот или неговиот капитен.

Ако се повеќе натпревари во еден циклус (повеќе кола, избор за репрезентација и сл.), на првиот натпревар извлекувањето е без ограничување, но во следните натпревари се внимава истиот

натпреварувач да не ги зазема првото и последното стартно место. Ова правило се применува и ако патеката има прекини помеѓу стартните броеви.

**9. Капитени и тренери**

Капитенот на екипата го претставува спортскиот клуб. Тој може да биде избран во жири-комисијата и да присуствува на состаноците. Тој ги пополнува пријавите и ги извлекува стартните броеви или однапред подготвените комбинации.

Капитенот (тренерот) се грижи за своите и натпреварувачките легитимации и по завршувањето на натпреварот ги превзема од организаторот или судиите. Тој од организаторот добива значки, престилки или акредитации (најмногу две), на едната има натпис КАПИТЕН и е со зелена боја а на другата има натпис РЕЗЕРВА и е со црвена боја.

Кај екипните натпреварувања, во боксовите на натпреварувачите можат да влегуваат само две лица (но не истовремено), тренерот или помошниот тренер и резервниот натпреварувач. Во случај главниот тренер да учествува во натпреварот, неговата улога ја превзема помошниот тренер.

На почетокот на сезоната, клубовите се должни да достават соодветна документација за тренерите и резервните натпреварувачи до Натпреварувачката комисија.

Кај поединечните натпреварувања, во боксовите на натпреварувачите може да влегува само едно лице. За него треба да има доставено соодветна документација до Натпреварувачката комисија.

Капитенот (тренерот) може да влегува во боксот за кој има овластување и таму да биде од првиот сигнал (влегување во боксот) па се до последниот сигнал (крај на натпреварот).

Капитенот (тренерот) или резервниот натпреварувач, не смеат да влегуваат во боксовите за кои немаат одобрување, во спротивно следува казна.

Капитенот може да им ја подготвува прихраната и мамците на своите натпреварувачи. Тоа го прави надвор од стартното место. Откако ќе помине контролата, нема право да ги допира мамците и прихраната.

Капитенот нема право да дојде во физички контакт со натпреварувачот и неговата опрема. Единствено, ако дојде до заглавување или кршење на риболовната трска, може да помогне, но со претходна дозвола на секторскиот или главниот судија.

Капитенот може да користи радиостаница или мобилен телефон само кога е надвор од боксот.

На натпреварувачите не им е дозволено употреба на радио станица за време на припремата и текот на натпреварот. Повик на мобилен телефон е дозволен единствено во итен случај но со претходна најава кај судиите.

Секој клуб што учествува во официјалните натпревари, мора да има регистрирано тренер и склучено договор со него.

Доколку тренерот на клубот воедно е и тренер на репрезентацијата, тој од својот клуб мора да има одобрение за да ја води репрезентацијата.

**10. Фотографи, новинари и ТВ екипи**

Фотографите и снимателите, со одобрение на судиите и натпреварувачот, можат да влезат во боксот но не поблиску од два метри. Тие мора да поседуваат новинарска дозвола од организаторот. Додека се во боксот, не смеат да му пречат на натпреварувачот, да внимаваат на риболовната опрема и својата безбедност. Во боксот дозволено е да се задржат најмногу 15 минути од секој натпреварувачки час.

**11. Земање на вода**

Ако натпреварувачот има потреба да земе вода од патеката, треба да се јави кај судијата и низ боксот треба да се движи покрај линијата од соседниот бокс (никако не смее по средината на боксот). Водата ја зафаќа со кофа или некој друг сад.

За време на подготовката, натпреварувачот може да земе вода за миење на рацете и за полнење на прскалката. Тоа може да го прави било каде во своето стартно место, но при тоа не смее да плеска по водата и да им пречи на соседните натпреварувачи.

После знакот за тешка прихрана па се до крајот на натпреварот не смее да се зема вода.

**12. Пред почеток на натпреварот**

Кога ќе пристигнат на патеката, натпреварувачите веднаш треба да го облечат стартниот број кој што им е доделен.

Натпреварувачот нема право да влегува во својот или во соседен бокс пред првиот сигнал, може да ја остави својата опрема во својот бокс без да влегува во боксот. Ова правило важи и за оние лица кои му помагаат на натпреварувачот во носењето на опремата.

Натпреварувачот нема право да ја монтира својата опремата до сигналот за влегување во боксот.

Натпреварувачот или неговиот капитен можат да ја приготвуваат прихраната надвор од боксот пред сигналот за влегување, сѐ до сигналот зе приверка на прихраната и мамките. По давање на сигналот, прихраната треба да се внесе во боксот.

Прибор или опрема која натпреварувачот заборавил да ја донесе, со одобрение на судијата, може да се внесе во боксот се до сигналот за тешка прихрана.

После сигналот за тешка прихрана, може да се замени само скршен дел од риболовниот стап или опремата.

**13. Подготовка**

Првиот сигнал означува влегување во боксот и подготовка на риболовниот прибор. Натпреварувачот се подготвува сам, без помош од друго лице и единствено може да прими помош за одглавување на риболовната трска. За подготовка има на располагање најмногу до 120 минути и може да ја мери длабочината на водата, да ја постави главната и помошната платформа и чуварката за риби, системите со јадици и хранилки и друго.

Мерењето на далечината и длабочината на водата се врши со олово или празна фидер хранилка.

Во стартното место, по своја желба може да се постави каде сака но најблиску половина метар до левата или десната линија на боксот.

Во својот бокс, натпреварувачот треба да се движи дискретно и без да прави бучава.

Откако ќе влезе во стартното место, само внатре може да ја приготвува прихраната се до нејзината проверка.

**14. Прихрана и мамки**

Прихраната, мамките и адитивите мора да бидат од природно потекло и да не бидат штетни за околината.

На тренинзите и натпреварите, забрането е користење на мамки од метал или вештачки мамки (имитација на пченка, коноп, пченица, црви, свилена буба, ларви, црви од земја и сл.) и од било кој синтетички материјал (силикон, стиропор, гума, сунгер и сл.)

Забрането е користење на вештачки мушички и мамки направени од риба или делови од риба и рибна икра како и други животински видови (жаби, ракови и сл.)

По завршувањето на тренингот или натпреварот, најстрого се забранува, преостанатите мамки и прихрана да се истураат во водата.

**15. Прихрана**

Вкупна дозволена количина на прихрана, вклучувајќи ги и додатоците е 17 литри.

Во додатоци се подразбира земја, глина, чакал, ризла, разни житарици, пченка, пченица, коноп, спод микс, пелети, боили со било која големина, адитиви и слично.

Прихраната треба да е во влажна и просеана состојба.

Електрични уреди за мешање, сечкање и сл., на прихраната, дозволени се само пред проверка на прихраната.

Користењето на електричните уреди за сечење на мамките не можат да се користат, затоа што мамките при проверката мора да се во целосна состојба.

Откако ќе се изврши проверка на прихраната и мамките, се забранува мешање на прихраната или просејување низ сито.

Дозволено е да се додадат мамки само во прихраната.

**16. Мамки, спрејови, дипови и адитиви**

Вкупната дозволена количина на мамки е 1 литар.

Дозволени се следниве мамки:

- глисти (црни црви);
- ларви од муви во сите облици (бели црви, пинки, кастери и сл.);
- ларви, свилена буба и нејзини ларви, големи црви, големи кастери;
- пченка и гранули од пченка;
- семе од коноп;
- боили (до 10 мм);
- пелети и слично (до 11 мм).

Не е дозволено да се додадаваат живи мамки во хранилката за време на ловењето риби.

Нема ограничување за вкупната количина на пелети, боили, поп-ап, вафтерси, дамбелси и сл. кои се користат како мамки, но тие мора да се презентираат во своите оригинални пакувања и не смеат да се мешаат со прихраната.

Пред проверката, не е дозволено мамките да се додаваат во прихраната.

После проверката на прихраната и мамките, доколку се утврди дека натпреварувачот има повеќе од дозволените количини, му се доделува црвен картон.

Вкупната дозволена количина на течности за примама е 1 литар. Највеќе се дозволени 10 различни видови на течности и вкусови кои можат да се прикажат при контролата на прихраната. Максимално дозволена количина за еден вид на течен адитив е 100 мл.

Се дозволува користење на мали садови со адитиви во кои се потопуваат мамките. Тие не влегуваат во вкупната количина на прихрана и мамки, но натпреварувачот има обврска да ги прикаже за време на проверката на прихраната и мамките.

**17. Проверка на прихрана и мамки**

**Вториот звучен сигнал** означува пет минути до проверка на прихраната и мамките.

**Третиот звучен сигнал** означува почеток на проверката на прихраната и мамките.

Проверката секогаш започнува од бројот 1 во секој сектор. Натпреварувачот е должен да присуствува на проверката и на судиите да им ја покаже прихраната и мамките кои ќе ги користи.

При проверката на прихраната таа треба да се прикаже во градуирани кофи, а мамките во садови со официјална големина. Треба да се нормално затворени и доколку натпреварувачот користи лепливи ленти ќе биде опоменат. Никаква затворена амбалажа не е дозволена.

По завршувањето на проверката, најстрого се забранува на натпреварувачот да му се додаваат прихрана и мамки.

Натпреварувачот треба да ја има само прихраната во навлажнета и растресита состојба која ја прикажал при контролата и најмногу 100 милилитри адитив за прихраната во течна или прашкаста форма. Сè друго е забрането и се казнува.

**18. Прскалка за навлажнување**

Натпреварувачот ја полни прскалката за време на подготовката.

После проверката на прихраната и мамките па сè до крајот на натпреварот, само со прскалка може да се врши довлажнување на прихраната и земјата и за лепење и зачувување на мамците (црви, фуј, ларвите и сл.). Во овој период може да се додава и адитивот во максимална количина од 100 милилитри.

**19. Тешко прихранување**

**Четвртиот звучен сигнал** означува тешко прихранување и натпреварувачот може да прихранува максимално 10 минути.

За време на тешката прихрана и во текот на целиот натпревар, дозволена е употреба на отворена хранилка. Риболовната трска со која се прихранува не смее да се користи за ловење на риби. За време на натпреварот оваа трска мора да биде надвор од водата, да стои одвоено од останатите трски и не смее да има монтирано јадица на нејзе.

Не е дозволено прихранување со раце, чатал или било која друга опрема за исфрлање на прихраната.     .

**Петтиот звучен сигнал** го означува почетокот на натпреварот.

**20. Хранилки**

Може да се користат фидери, тркалезни или со каква било форма од традиционалните open-end фидери, затворени или мрежести, но дозволен е само in-line системот и една од крајните површини на фидерот мора да биде затворена.

**Examples of allowed feeders**:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |
| Flat Method Feeder | Banjo Feeder | Hybrid Feeder | Pellet Feeder | Bait Up Feeder In-line |

**Feeders, rounder or any shaped of traditional open-end feeders, solid or mesh, can be used, but only the in-line system is allowed and one of end faces of the feeder must be closed**.

Дозволена е употребата на еластични хранилки но под услов таа да овозможува лесно да се ослободи рибата во случај на кинење на риболовниот конец.

Хранилката мора слободно да лизга по риболовниот конец и не се дозволени поставување на граничници. Таа не смее да биде прикачена на “safety rig” за да може лесно да се ослободи рибата во случај на кинење на риболовниот конец.

При поставување на системот, дозволено е користење на “shock leader” јазол, за да се оневозможи пукањето на конецот при зафрлување на хранилката. Копчата за хранилката и вртилицата со копчата мораат слободно да преминуваат преку овој јазол и главниот конец.

Дозволено е користење плетен конец (braid), и истиот може да се користи како главен конец или предвез. Кога натпреварувачите се поставени на спротивни брегови, задолжително е користење shock leader. Во овој случај, shock leader-от треба да биде најмалку 7 метри. Плетеното ќе биде забрането само доколку тоа е предвидено со специфичните правила на локацијата. Во таков случај, забраната ќе биде наведена во програмата на натпреварот (жолт картон)..

Се забранува:

- поставување на хранилката на крајот на системот за ловење;
- додавање на разни материјали во хранилката кои ќе го забават спуштањето на дното;
- користење на хранилка без олово или додавање на материјали кои не тонат.

Хранилките можат да се полнат со рака или со соодветна алатка.

Забрането е користењето на следниве хранилки:



Pellet Feeder Elasticated



Method Feeder Elasticated



Banjo Feeder Elasticated



Method Feeder



Maggot Feeder



Open End Feeder



Cage Feeder



Bullet Feeder



Window Feeder

За почетно хранење е дозволено да се користи кој било цилиндричен хранилка-фидер, inline или висечки, затворен или жичен, со тоа што горниот дел мора да биде затворен.

| | | |
|---|---|---|
|  |  |  |
| Bait-up Feeder – Wire Cage | Bait up Feeder – Plastic Cage | Bait-up Feeder – Wire Cage |

**21. Риболовни трски**

Максимална дозволена должина на риболовните трски е 4,5 метри.

За ловење и прихранување може да се користат риболовни трски специјализирани за фидер техника или за други риболовни дисциплини како крапски риболов, риболов од обала и сл.

Натпреварувачот може да има неограничен број риболовни трски, но дозволено е ловење само една која може да ја држи во рака или да биде потпрена на платформата. За непочитување на ова правило следува дисквалификација на натпреварувачот.

На риболовната трска мора да има поставено машинка и хранилка која за време на натпреварот може да биде празна или полна со прихрана, мамци, земја и сл.

На резервните риболовни трски не смее да има храна во хранилките. Дозволено е да има поставено мамец на јадицата.

Дозволено е само една риболовна трска да биде над водата за време на припремата и натпреварот.

**22. Чуварки**

Димензиите на чуварките мора да бидат следните:

Минимална широчина на обрачите од 40 цм. Доколку е со правоаголна форма дијагоналата треба да е најмалку 50 цм.

Минималната должина да е 3,5 метри. Окцата да се од 1x1мм до максимално 10x10 мм.

Чуварката мора да биде потопена во водата со целата своја должина, а најмалку 1,5 метри за време на целиот натпревар.

Доколку на натпреварот се очекува улов на голема количина на риби, организаторот може да одреди натпреварувачите задолжително да користат две чуварки за уловените риби. Во една чуварка може да се чува најмногу до 20 кг риби.

Кога натпреварувачот ќе процени дека во едната чуварка има уловено околу 20 кг риби, треба да почне да ја користи втората чуварка. Ако по негова проценка и во втората чуварка има околу 20 кг риби, тој мора да го повика судијата и да го извести за уловот и да се изврши вонредно мерење на рибите и тие да се вратат во водата

Организаторот може да одреди и вонредно мерење на рибите во случај да се ловат примероци со голема тежина кои веднаш после мерењето ќе се враќаат во вода.

Употебата на сакови за и душек за рибите е задолжителна за големите риби над 5 кг тежина.

Рибата се чува жива во саковите и еден сак може да се користи само за една риба. Сакот треба да е изработен од специјален материјал без јазли и груби влакна за да се избегне оштетувањето на рибите. Саковите со целата своја должина мора да бидат потопени во водата и не смеат да имаат олова или други предмети за отежнување.

Доколку натпреварувачот не поседува доволен број на сакови, душек за риби или има пократка чуварка од 3,5 метри, добива жолт картон. Ако истото се повтори и на следниот натпревар, добива црвен картон и ќе биде дисквалификуван.

**23. Проверка на риболовните трски и чуварки**

Натпреварувачот е должен да дозволи проверка на риболовните трски и чуварки доколку судијата се сомнева во нивните должини. Риболовните трски мора да имаат поставено машинка и хранилка.

Доколку според пропозициите е предвидена, со ждрепка се одлучува на кој натпреварувач ќе му се проверува риболовната трска и чуварката. Тоа се прави при контролата на прихраната и мамките. Исто така, на сите натпреварувачи што се одредени со ждрепката детално им се проверува прихраната и мамките и опремата што ја има во боксот. Риболовниот судија во својот записник ги запишува резултатите од прегледот, должината на риболовната трска и чуварката. Мерењето на должината може да се изврши и после завршувањето на натпреварот но пред мерењето на уловените риби.

**24. Платформи и риболовно столче**

Натпреварувачот може да постави платформа со максимална димензија 1x1 метар и риболовно столче. Натпреварувачот може да стои на платформата. Предните ногарки мораат да бидат во линија со обалата. Со одлука на Натпреварувачката комисија, предните ногарки делумно можат да бидат поставени во водата.

За разни материјали, прибор и мамки може да се постави и помошна платформа која не смее да биде поголема од главната и да стои во линија со главната (не смее да биде пред неа).

Поради промена на водостојот или нерамна обала, понекогаш не може да се утврди линијата на водата. Во тој случај од организаторот на натпреварот може да се побара да постави конец или сличен материјал за да се означи линијата за предните ногарки.

**25. Натпревар**

Забележувањето на ударот на рибата се врши само со набљудување на врвот на риболовната трска. Не е дозволено користење на електронски индикатори ниту механичи помагала за сигнализација како што се ѕвончиња, прстени, бибини и слични алатки за таа цел. Употреба на т.н.”мети” за полесно забележување на ударите на рибите е дозволено.

Забрането е определувањето на далечината за ловење да се врши со механички или електронски помагала.

Забрането е влегување во вода и употреба на пловечки објекти со далечинско управување и слични уреди.

За време на натпреварот, дозволено е прихранување , но ловната трска мора да биде надвор од вода и поставена со резервните трски .

За време на натпреварот, не е дозволено употреба на маркери или слични уреди за обележување на зоната на прихранување.

Исфрлањето на хранилката може да се изведува само преку глава и машинката мора да биде отворена за конецот непречено да одмотува од макарата. Далечината на исфрлање не се ограничува.

На системот за ловење дозволено е да се користи само една еднокрака јадица без повратна кука со максимална големина на бр.10. Максималното растојание помеѓу врвот и телото на јадицата е 7 мм.

Дозволената раздалеченост помеѓу хранилката и јадицата е максимално 25 цм и може да се користи плетен или најлонски конец. Минималното растојание не се ограничува.

При откачување на уловената риба, натпреварувачот може да користи мала заштитна простирка.

На риболовната трска која се користи за прихрана, може да се користи плетен конец.

Помеѓу третиот и седмиот звучен сигнал, натпреварувачите не смеат да примаат физичка помош од никого. Исклучок се прави кај хендикепираните лица кај кои претходно се запишува каква врста на помош е дозволена.

Во случај на кршење на риболовната трска или нејзини делови, на натпреварувачот може да му се додадат нови, но само во непосредно присуство на зонскиот судија.

Сето друго, како што е прихрана, мамци, опрема и сл. не смее да му се додаваат на натпреварувачот и тој може да прима само вербална помош од својот капитен.

Се забранува користење на сонари (ехо саундери) за време на тренинзите и натпреварите.

Се забранува користење на дронови, освен во посебни прилики ако тоа го дозволи МРФ или ФИПС-ед

За време на натпреварот, на натпреварувачите не им е дозволено користење воки-токи, мобилен телефон, радио-станица и слични апарати. Повик на мобилен телефон е дозволен единствено во итен случај но со претходна најава кај судиите.

Натпреварувачот може да го користи својот бокс на начин кој најмногу му одговара и не е дозволено да влегува во соседните боксови.

Ловење риби и прихранување во соседните боксови не е дозволено.

Намерно фрлање на рибата надвор од чуварката, од било кои причини, не е дозволено.

Шестиот звучен сигнал означува 5 минути до крајот на натпреварот.

Натпреварот трае 300 минути или 5 часа .

Седмиот звучен сигнал го означува крајот на натпреварот. Ако рибата не е надвор од водата пред почетокот на овој сигнал, не се смета во уловот.

**26. Бодување на уловените риби**

Уловената риба се смета за важечка и доколку не е закачена за устата.

Ако натпреварувачот со уловената риба го закачи конецот на соседниот натпреварувач, уловот ќе се смета за важечки доколку двата конци се ослободат пред да ја прифати рибата во раце.

Ако два натпреварувачи имат уловено риби и конците им се закачат, двата улова ќе се сметат за важечки доколку двата конци се ослободат пред да се прифатат рибите. Ако конците останат закачени кога ќе се прифатат рибите, тие се сметаат за неважечки и треба да се вратат во водата.

Забрането е намерно да се закачи системот на друг натпреварувач кога на него има уловено риба.

Забрането е намерно повредување на рибите.

Рибата која ќе се улови со друг метод или со систем на друг натпреварувач, мора да се врати во водата.

Уловената риба треба веднаш да се стави во чуварката па потоа да се зафрли риболовниот систем.

Натпреварувачот треба да се придржува кон официјалните мерки за големина на рибите и ловостојот на одредени видови риби ако МРФ или организатор има донесено такви одлуки.

Ако натпреварувачот улови риба која е во забрана или е заштитена, должен е веднаш да го повика зонскиот судија. Тој ја мери рибата и ја пушта во водата (не смее да се чува во чуварка).

Намерно закачување на системот на друг натпреварувач на кој има риба е забрането.

**27. Фишаут**

Фишаут е доколку:

- Натпреварувачот ја улови рибата во соседен бокс;
- Натпреварувачот ја улови рибата во својот бокс и таа премине во соседен бокс, му го исплетка системот и му пречи во ловењето на соседниот натпреварувач, а тој пријави кај судиите дека бил попречуван;
- Рибата падне на обалата и натпреварувачот го зафрли системот пред да ја стави рибата во чуварката;
- Рибата падне во водата и натпреварувачот се обиде да ја дофати со рака;
- Рибата натпреварувачот ја прифаќа со рака во водата;
- Натпреварувачот прифати свој или соседен систем кој е скинат и на него има фатено риба;
- Натпреварувачот прифати риба со црпалка (мередов), а таа не е закачена со јадицата (се откачила од јадицата и паднала во трева, кал и сл. и тука останала);
- При вадењето рибата ја допре водата  заедно со звучниот сигнал за крај на натпреварот;
- Во чуварката се најде риба која е во забрана или е заштитена.

Доколку натпреварувачот одбие неисправно уловената риба да ја врати во вода и ја стави во чуварката без дозвола на судијата, за време на мерењето судијата ја мери најголемата риба и ја запишува нејзината тежина на стартниот лист на натпреварувачот. После мерењето, жири-комисијата одлучува дали рибата ќе ја признае за регуларна. Во случај да не ја признае рибата за регуларна, следува жолт картон.

Во случај уловената риба да премине кај соседниот натпреварувач, се смета за важечка доколку не го замрси неговиот систем и не го попречи во неговото ловење.

**28. Мерење на уловените риби**

По завршувањето на натпреварот, уловената риба мора да остане во чуварката во вода, сè до доаѓањето на тимот за мерење.

Натпреварувачот може само да ја откачи чуварката од риболовното столче и не е дозволено да ја собира чуварката сè додека судијата не го повика да ја донесе рибата за мерење.

Натпреварувачот ги носи своите риби за мерење во чуварката без да користи дополнителни садови (кофа, корито и сл.).

На мерењето на уловените риби, задолжително присуствуваат главниот судија, помошниот судија и натпреварувачот. Измерените риби се ставаат во чуварката и се чуваат во вода сè до завршувањето на мерењето во таа зона.

Натпреварувачот не смее да го напушти својот бокс ниту пред, ниту после мерењето се до завршување на мерењето на рибите во тој сектор.

Уловените риби мора да останат живи во чуварката, сè до крајот на мерењето.

Поради високи температури, судиите можат да одлучат, измерената риба веднаш да се враќа во водата.

**29. Временски неприлики и нерегуларни услови за натпревар**

Во случај на невреме пред почетокот или за време на припремата, тој може да се одложи. Ако временските прилики се подобрат, натпреварот продолжува, времето на прекин се надоместува и саатницата се поместува.

Во случај на грмотевици или паѓање на „град“, натпреварот веднаш се прекинува.

Во случај на невреме во текот на натпреварот, тој се прекинува во времетраење од најмногу 1 час. Ако временските прилики се подобрат, натпреварот продолжува, времето на прекин не се надоместува и натпреварот завршува според утврдената саатница.

Дозволени се најмногу два прекини и нивното вкупно време не треба да е подолго од 1 час. Во спротивно, натпреварот се прекинува.

Жири-комисијата може да го скрати времетраењето на натпреварот за еден час поради лоши временски услови.

Доколку временските прилики не се подобрат, натпреварот се прекинува и не се организира повторно.

Натпреварот се смета за регуларен доколку се поминати 120 минути ефективно ловење.

Доколку натпреварот се одржува во два дена, а временските прилики го попречиле натпреварот едниот ден, се пресметуваат резултатите само од еден натпреварувачки ден.

**Звучни сигнали за прекинување и продолжување на натпреварот**

1. Првиот звучен сигнал - означува прекинување на натпреварот и сите натпреварувачи излегуваат од своите боксови и одат во засолниште;
2. Вториот звучен сигнал - означува дека има уште 5 минути до продолжувањето на натпреварот и натпреварувачите се враќаат во своите боксови;
3. Третиот звучен сигнал – означува продолжување на натпреварот (тешко прихранување е забрането).

**30. Церемонија на прогласување на победниците**

Пред почетокот на првиот натпревар се врши свечено отварање и претставување на учесниците (поединци или клубови).

На крајот на натпреварите се организира церемонија на прогласување на резултатите. Тука се доделуваат признанијата и наградите и задолжително е присуството на сите учесници на натпреварот (натпреварувачите, капитените, судиите, организаторите и домаќините). Екипите или поединците кои нема да се присутни, можат да бидат казнети според Дисциплинскиот правилник. Главните судии и делегатите во своите извештаи, должни се да забележат кои екипи или поединци не присуствувале на церемонијата.

**31. Службени лица на натпреварот**

Службени лица се: главниот судија и помошните судии. Тие треба да ги имаат положено испитите за судии за спортски риболов за соодветната категорија. Исто така, треба да имаат спортска легитимација и уплатено судиска такса за тековната година.

**32. Главен судија на натпреварот**

Главниот судија е службено лице кое ги спроведува правилата и го организира текот на натпреварот.

На оваа должност се поставува искусен судија кој го организира работењето на секторските судии, со внимание го следи текот на натпреварот, интервенира ако за тоа има потреба, ги пресметува постигнатите резултати и повторно ги проверува резултатите пред званично да се објават.

Главниот судија ги собира пријавите на учениците, го организира извлекувањето на секторите и стартните места, ги изработува судискиот дневник, го евидентира уловот и ги прерачунува резултатите. Главниот судија ги прогласува резултатите.

За време на припремата и натпреварот, за помалите прекршоци на натпреварувачите, главниот судија доделува жолт картон. Доколку истата грешка ја повтори или направи поголем прекршок му доделува црвен картон, по што следи дисквалификација и натпреварувачот мора да ја напушти патеката.

**33. Помошни судии**

Задачите и обврските на помошниот судија се следните:

- внимава на натпреварувачите кога влегуваат во боксот;
- не доделува жолт картон, евентуалните неправилности ги запишува и потоа ги презентира кај главниот судија;

- кај себе треба да има специјални градуирани садови одобрени од организаторот, во случај да не ги поседува натпреварувачот кога се врши проверка на прихраната и мамките;
- мора да ги познава правилата, бидејќи тој ги контролира натпреварувачите во својот сектор од првиот звучен сигнал па сè до крајот на натпреварот.

**Помошниот судија заедно со главниот судија, за време на подготовката врши проверка на:**

- чуварката и риболовните трски на натпреварувачот кој е одреден со ждрепка;
- вкупната количина на прихрана која не смее да биде внесена во боксот во форма на топки;
- вкупната количнa на мамки кои мора да бидат од природно потекло;
- поставеноста на риболовното столче и платформите кои мора да бидат надвор од линијата на водата;
- приборот и опремата на натпреварувачот.

**Задачи на помошниот судија за време на натпреварот:**

- го контролира тешкото прихранување, натпреварувачите не смеат да преминуваат со прихранувањето во соседните боксови;
- внимава натпреварувачот да не лови надвор од својот бокс, да користи само една јадица со една кука, да користи само една риболовна трска и слично;
- на кој начин се однесува натпреварувачот со уловената риба, таа не смее намерно да се повредува;
- внимава натпреварувачите да се придржуваат кон официјалните мерки за големина на рибите и ловостојот на одредени видови риби ако МРФ или организатор има донесено такви одлуки;
- внимава натпреварувачот да не прима физичка помош од било кое лице, освен кај хендикепираните натпреварувачи, за што добива листа на која е наведено каков вид на помош е дозволена;
- внимава натпреварувачите во своите боксови да се движат и однесуваат мирно и ненаметливо во текот на целиот натпревар;
- внимава тренерот, водачот или друго неовластено лице, да не влегува во боксови на други натпреваривачи;
- внимава новинарите или фотографите, на кои претходно им е одобрено да можат да влезат во боксот, да не му пречат на натпреварувачот;
- внимава после звучниот сигнал за крај на натпреварот, сите риболовни трски да бидат надвор од водата и дали рибата е извадена на време (пред звучниот сигнал за крај);
- внимава после звучниот сигнал за крај на натпреварот, натпреварувачите да не ја фрлаат во водата преостанатата прихрана и мамци;
- внимава после звучниот сигнал за крај на натпреварот, натпреварувачот да нема контакт со својата чуварка, сè додека не биде повикан да ја донесе чуварката со уловените риби на мерење;
- внимава натпреварувачот да биде присутен на мерењето и да ја потпише стартната листа на која е запишана уловената тежина.

Помошниот судија е должен сите неправилности да ги запише и да му ги објасни на главниот судија.

**34. Работа на судиите**

Работата и обврските на судиите започнува на денот на официјалниот тренинг кога тие ја обележуваат патеката и (или) проверуваат дали таа одговара според правилникот за натпревари.

Судиите водат листи, дневници и документи за: пријавување на натпреварувачите, стартни листи, секторски листи, дневник на натпреварот и други документи за натпревари во поединечна и во екипна конкуренција.

Стартните листи мора да бидат потпишани од страна на натпреварувачите.

Копии од сите дневници треба да бидат доставени до натпреварувачката комисија на МРФ најдоцна 5 дена после завршувањето на натпреварот.

На денот на натпреварот, кај судиите се врши пријавување на екипата (натпреварувачите ако натпреварот е само во поединечна конкуренција). Потоа се повикуваат водачите (натпреварувачите) да пристапат кон извлекување на редослед, секторите, стартните броеви или однапред одредени комбинации.

Доколку извлекувањето е диригирано, судиите внимаваат да се исполнат условите за регуларност.

Откако извлекувањето ќе се заврши, според утврдената саатница главниот судија го дава првиот звучен сигнал за влегување на натпреварувачите во стартните места.

За еден натпревар се одредуваат главен судија и помошни судии (на секои 10 до 12 натпреварувачи треба еден помошен судија).

Доколку има повеќе категории на натпревари, за секоја категорија има главен судија и се одредува еден од нив да биде врховен судија. Ако натпреварот се одржува во сектори кои се просторно оддалечени, секој сектор има свој главен судија и еден од нив е врховен судија.

### 35. Однесување на натпреварувачите

Пред натпреварот, натпреварувачот е должен да се запознае со правилата. Не познавањето на правилата не го ослободува од одговорност доколку направи прекршок според Правилникот.

Натпреварувачот е должен да се однесува спортски и коректно кон сите учесници на натпреварот. Треба да ги почитува одредбите на овој Правилник и останатите правилници на МРФ. Ако е потребно, по барање на судијата, приборот и другата опрема да ги даде на проверка.

Сите евентуални постапки и прекршоци кои не се дефинирани со овој правилник, подлежат на правилата од Дисциплинскиот правилник.

### 36. Усмено предупредување

Усмено предупредување се издава доколку:

- Натпреварувачот со својата опрема или прибор го повредува службениот коридор;
- Натпреварувачот, капитенот или резервниот натпреварувач не ги носат правилно своите ознаки;

### 37. Жолт и црвен картон

Повторување на усменото предупредување автоматски значи жолт картон.

Казнените картони ги доделува главниот судија после пријавување од страна на помошниот судија, делегатот или ако самиот го воочил прекршокот.

Главниот судија на натпреварот има право да примени казнени мерки уште за време на тренингот или на денот на натпреварот на натпреварувачите, тренерите и резервните натпреварувачи доколку сторат прекршок на правилата или лошо се однесуваат и во случај кога евентуални постапки и прекршоци не се дефинирани со овој Правилник.

**Главниот судија доделува жолт картон на натпреварувачот доколку:**

1. Влезе во стартното место пред првиот звучен сигнал да земе вода, а претходно не се јавил кај судијата;
2. Започне со монтирање на својата опрема пред првиот звучен сигнал;
3. Прихраната и мамките не ги прикаже во специјални градуирани садови кои се одобрени од организаторот;
4. Уловената риба ја чува надвор од чуварката;
5. Донесе на мерење намерно оштетена риба;
6. На крајот на официјалниот тренинг или на крајот на натпреварот преостанатата прихрана или мамки ги фрли во водата;
7. Прими физичка помош помеѓу звучниот сигнал за проверка на прихраната и сигналот за крај на натпреварот (освен дозволената помош);
8. Прихранува или лови риби кај соседните натпреварувачи;
9. Со своето однесување им пречи на останатите натпреварувачи и судии;
10. Лови риби пред звучниот сигнал за ловење и после крајот на натпреварот;
11. Уловената риба која судијата ја проценил дека е “fishout” не ја врати во водата туку ја стави во чуварката;
12. Прима помош од друго лице кога ја вади и прифаќа уловената риба;
13. Не го извади целиот свој прибор од водата после крајот на натпреварот;
14. Пред да пристигне тимот за мерење, рибите ги вади од чуварка, ги преместува, ги вади во кофа, ги брои и слично;
15. После завршеното мерење рибите ги врати во вода пред судијата тоа да го дозволи;
16. Според проценката на главниот судија, намерно ја враќа рибата во вода наместо да ја стави во чуварката
17. Доколку капитенот на екипата влегува во боксови на други натпреварувачи, капитенот добива жолт картон. Доколку друго неовластено лице влезе кај натпреварувачот, жолт картон добива и неовластеното лице и натпреварувачот;
18. Има пократка чуварка од 3,5 метри на две кола по ред, а на првото веќе добил опомена;
19. Водачот на екипата или друго лице, му додаде на натпреварувачот прихрана или мамци после звучниот сигнал за проверка на прихраната, ја меша прихраната, ја монтира опремата или има друг физички контакт со него;
20. Не го остави својот бокс во чиста состојба;
21. Го напушти својот бокс и го следи мерењето кај други натпреварувачи;
22. Вкупната прихрана и мамци за 10% ја преминува вкупно дозволената количина според Правилникот (вишокот се отстранува надвор од боксот);
23. Не ја почитува забраната за пушење на натпреварите.
24. Грубо ја прифаќа уловената риба, ја прифаќа за очите, намерно ја повредува или ја откачува јадицата со кинење;
25. Користи вештачки и забранети мамци од било кој материјал.

Кај натпреварите кои се одржуваат во повеќе кола, ако натпреварувачот добие два жолти картони, не може да учествува во следното коло. Максимален број на жолти картони во еден циклус на натпревари е три, после тоа следи дисквалификација. Секој доделен жолт картон се евидентира во книгата на натпревари што ја води Судиската комисија.

Во зависност од тежината на прекршокот, натпреварувачот или тренерот може да се казни со жолт или црвен картони доколку:

- Неспортски се однесува, ги навредува или физички ги напаѓа останатите учесници или им пречи на останатите натпреварувачи;
- Поединец или екипа ако не го остават стартниот бокс во чиста состојба.

**Главниот судија доделува црвен картон на натпреварувачот доколку:**

1. Користи вештачки или забранети мамки од било кој материјал;
2. Користи јадица која не е еднокрака, има повратна кука или е со несоодветна големина;
3, Користи недозволени мамки;
4. Се натпреварува со повеќе од една риболовна трска;
5. Ако користи недозволени хранилки и риболовни конци;
6. Ако натпреварувачот одбие да оди на антидопинг контрола;
7. Ако максималното растојание помеѓу јадицата и дното на хранилката е поголемо од 25 цм;
8. Ако го замени приборот или мамката кога е повикан на контрола од страна на судиите;
9. Ако натпреварувачот користи риболовна трска подолга од максимално дозволената;
10. Се утврди дека после контролата, има прихрана и мамки повеќе од дозволеното;
11. Не обезбеди чуварка подолга од 3,5 метри, а за тој прекршок веќе добил жолт картон на претходниот натпревар;
12. Ако натпреварувачот користи сонар, мобилен телефон, воки-токи и сл.;
13. Ја повтори истата грешка за која добил жолт картон или направи друга грешка за која следува жолт картон, директно му се доделува црвен картон.

Кај натпреварите кои се одржуваат во повеќе кола, ако натпреварувачот без оправдување не се појави на следнот натпревар, за евентуалната казна одлучува Дисциплинската комисија на МРФ.

Кај натпреварите во поединечна конкуренција, натпреварувачот кој добил црвен картон, нема пласман на тој натпревар и нема право на учество на следните натпревари ако се одржуваат во повеќе кола.

Кај екипните натпревари, доколку натпреварувачот кој добил црвен картон (или два жолти), во следниот натпревар го повторува прекршокот или прави нови прекршоци за кои следи казна жолт или црвен картон, нема пласман на тој натпревар, нема право на учество на следните натпревари и се казнува според Дисциплинскиот правилник.

Кај екипните натпревари, доколку се утврди дека членовите на екипата знаеле за намерата на казнетиот натпреварувач и не го попречиле, во следниот циклус на натпревари стартуваат со 5 казнени поени.

Кај екипните натпревари, доколку повеќе членови од екипата го повторат истиот прекршок, екипата и сите натпреварувачи од таа екипа ќе бидат дисквалификувани со забрана на настап од две години.

Кај екипните натпревари, црвениот картон означува исклучување на натпреварувачот од понатамошниот тек на натпреварот. Натпреварувачот нема право на пласман во поединечна конкуренција. Екипата за тоа стартно место добива пласман еднаков на бројот на екипите учеснички +1 (ако има 10 екипи добива 10+1 пласмани). Тежината на неговите уловени риби до моментот на исклучување, се додаваат на вкупната тежина на екипата. Натпреварувачот кој добил црвен картон, нема право да учествува на следниот натпревар.Останатите натпреварувачи ги задржуваат своите пласмани.

Доколку некој натпреварувач или екипа членка на МРФ, се во судски процес или се води дисциплинска постапка, не можат да учетвуваат во системот на натпреварувања се до крајот на постапката.

**38. Постапка за мерење на уловените риби**

На мерењето на уловените риби, задолжително присуствуваат главниот судија, помошниот судија и натпреварувачот.

Мерењето на уловените риби го врши тим составен од 5 члена. Едно лице е одговорно за мерењето. Друго лице ги запишува тежините во официјалниот записник. Другите три лица се задолжени за останатите операции и помош при мерењето на рибите.

Секој сектор се мери со една иста вага.

При мерењето, вагата не смее да се држи во раце, задолжително е употребата на троножник или сличен механизам на кој се закачува вагата да виси.

Мерењето на уловените риби се врши со прецизна електронска вага. Ако за мерење се користат повеќе ваги, тие треба да се од исти тип и еднакво избаждарени.

Рибите за мерење се ставаат во мрежа, сет за мерење или сад низ кој лесно може да се исцеди водата. Ако водата се цеди во вид на млаз, се чека тој да прејде во капки и потоа рибите се ставаат на вага да се мерат.

По завршувањето на мерењето, судијата го запишува уловот и доколку нема забелешки, натпреварувачот задолжително треба да ја потпише стартната листа.

Измерените риби се враќаат во чуварката, се ставаат во водата и се чуваат се додека не заврши мерењето во тој сектор. Судијата објавува кога рибите од чуварките можат да се вратат во вода.

Приговори за мерењето може да се прифатат само ако се од техничка природа (неисправна вага, лоши батерии и сл.). Не се прифаќаат приговори поради иста или малку поголема тежина на претходен натпреварувач.

Во случај вагата да откаже, целиот сектор се мери од почеток.

Тежините се запишуваат во грамови.

Ако уловените риби се многу мали и вагата не може да ја регистрира нивната тежина, се запишува нула потоа цртичка и бројот на риби (пр. 0-5, ако се уловени 5 риби) и така се врши нивната класификација. Нивниот редослед доаѓа после оние натпреварувачи чија што тежина вагата ја измерила.

Протоколот за мерење е следниот:

- Вагата која претходно е тарирана, му се покажува на натпреварувачот;
- Откако ќе се стави уловената риба на мерење, гласно се кажува резултатот и му се покажува вагата на натпреварувачот;
- Ако натпреварувачот се сложува со тежината, се запишува резултатот на стартната листа и му се дава да ја потпише;
- Ако се користи моторола (или сл.), се проследува резултатот до судискиот стол.

**39. Пресметување на резултатите**

**Оценување на резултатите**

Оценувањето на резултатите се изразува во поени. Поените го преставуваат пласманот на натпреварувачот во својата зона (зонски пласмани) или севкупно на целата патека (доколку се работи за натпревари во поединечна категорија).

Поените (зонските пласмани) на натпреварувачите им се одредуваат според тежината на уловените риби, од поголемата кон помалата, со добивање на поени од 1, 2, 3, до X, а на екипите според освоениот збир на поени на нејзините натпреварувачи од сите зони.

**А. ПОЕДИНЕЧНА КЛАСИФИКАЦИЈА:**

**Натпревари во поединечна конкуренција во еден натпреварувачки ден:**

Кај натпревари кои се одржуваат само во поединечна конкуренција во еден ден, победник е натпреварувачот со најголема уловена тежина на патеката а пласманот понатаму се одредува

според тежината на уловените риби од поголемата кон помалата. Доколку двајца или повеќе натпреварувачи имаат иста уловена тежина, подобар пласман ќе има натпреварувач одреден со жрепка.

**Натпревари само во поединечна конкуренција, а се одржуваат во две или повеќе кола:**

Кај натпревари кои се одржуваат во две или повеќе кола, а се бодуваат само во поединечна конкуренција, за секое коло одделно се пресметуваат резултатите. Доколку двајца или повеќе натпреварувачи имаат иста уловена тежина, добиваат поени еднакви на просекот на нивните недоделени места. (Пример: Двајца натпреварувачи имаат иста уловена тежина и го завземаат четвртото и петтото место, двајцата натпреварувачи добиваат по (4+5):2 =4,5 поени. Тројца натпреварувачи имаат уловена иста тежина и го завземаат третото, четвртото и петтото место, тројцата натпреварувачи добиваат по (3+5):2=4 поени.)

Натпреварувачи без уловена риба ќе добијат број на поени еднаков на просекот на недоделените места во тој сектор. (Пример-1: од 15 натпреварувачи 9 уловиле риби и добиле свои пласмани од 1 до 9 место, на останатите натпреварувачи кои се без уловена риба им се забележува просекот на недоделените места до крај, од 10 до 15 место (10+15):2=12,5 поени. Пример-2: од 24 натпреварувачи 12 се пласирани, на останатите натпреварувачи кои се без уловена риба им се забележуваат (13+24): 2=18,5 поени.).

Во случај кога само еден натпреварувач нема уловено риба во секторот, ќе му се забележи број на поени еднаков на вкупниот број на натпреварувачи во истата. (Пример: од 20 натпреварувачи , 19 уловиле риба. Натпреварувачот без уловена риба ќе добие 20 поени).

По составување на комплетната ранг листа за тоа коло, поените се претвараат во бодови.

Првпласираниот напреварувач во прво коло (со најголема уловена тежина на цела патека) добива бодови еднакви на бројот на натпреварувачи учесници на натпреварот а последниот само еден бод. (Пример 1: учествуваат 30 натпреварувачи, првопласираниот добива 30 бодови, петтиот добива 26 бодови, дваесетиот добива 11 бодови и тн. Пример 2: Доколку двајца натпреварувачи имаат иста уловена тежина, и го делат 5 и 6 место добиваат по 5,5 поени односно 25,5 бодови).

Во преостанатите кола, без оглед на бројот на натпреварувачи кои ќе го продолжат натпреварувањето, првопласираниот натпреварувач добива 30 бодови и понатаму како што следи.

На крајот од натпреварите победник е натпреварувачот со најголем збир на бодови од сите кола, а понатамошниот пласман се одредува од поголемиот кон помалиот збир на бодови.

Доколку на крајот на сите одржани кола има исти збир на бодови помеѓу два и повеќе натпреварувачи, подобар пласман ќе има натпреварувачот со поголема уловена тежина вкупно од сите кола.

Во случај на иста уловена тежина од сите кола подобар пласман ќе има натпреварувачот со најголема индивидуална уловена тежина во било кое коло.

Во случај и на ваква еднаквост подобар пласман ќе добие натпреварувач определен со жрепка.

**Натпревари во поединечна и во екипна конкуренција а се одржуваат во еден ден:**

За натпревари кои се одржуваат во еден ден, а се бодуваат и во поедеинечна и во екипна конкуренција, пласманот се одредува за секоја зона посебно, според тежината на уловените риби од поголемата кон помалата, со добивање на поени од 1, 2, 3 до X.

Победник е натпреварувачот со најголема уловена тежина на целата патека, а натамошниот пласман се одредува според пласманите во секторите. Првопласираните натпреварувачи во своите сектори, зависно од уловената тежина, ги завземаат првите места, потоа се рангираат второпласираните по секторите и т.н.

Доколку двајца или повеќе натпреварувачи од истиот сектор имаат иста уловена тежина добиваат поени еднакви на просекот на нивните недоделени места.

Доколку на исто место се пласирани натпреварувачи во две или повеќе зони, а имаат иста уловена тежина, за пресметување на резултатите во екипна и поединечна конкуренција, добиваат бодови еднакви на просекот на нивните недоделени места.

Само на Куп натпревари во организација на РЗК, и само во поединечна конкуренција, во случај кога еден или повеќе натпреварувачи се пласирани на првото место во секторот (имаат иста уловена тежина), пласманот се определува со жрепка.

Исто така, доколку прваците на секторите имаат иста уловена тежина, пласманот се определува со жрепка.

**Натпревари кои се бодуваат и во поединечна и во екипна конкуренција, а се одржуваат во два натпреварувачки дена:**

Победник е натпреварувачот со најмал збир поени од двата дена, а понатамошниот пласман се одредува од помалиот кон поголемиот збир на поени.

Доколку има исти збир на поени помеѓу двајца или повеќе натпреварувачи, подобар пласман ќе има натпреварувачот со поголема уловена тежина вкупно од двата дена.

Во случај на исти збир на поени и иста вкупна уловена тежина од двата дена, подобар пласман ќе има натпреварувачот со најголема индивидуална уловена тежина во било кој од двата дена.

Во случај и на ваква еднаквост подобар пласман ќе добие натпреварувач определен со жрепка.

**Б. ЕКИПНА КЛАСИФИКАЦИЈА**

**Бодување кога има 21 или повеќе екипи**

Доколку има 21 или повеќе натпреварувачи во секторот, тој се дели на два подсектори Натпреварувачот го добива својот пласман според постигнатите резултати во својот подсектор.

Доколку во секторот има непарен број на натпреварувачи, на пример 27, натпреварувачот со реден број 14 ќе се пресметува и во двата подсектори. Неговиот пласман ќе се смета во првиот подсектор (од 1 до 14), а местото кое би го освоил во вториот подсектор (од 14 до 27) ќе остане недоделено. На пример, ако во вториот подсектор би бил трети, останатите натпреварувачи би го освоиле местото 1,2,4,5 и т.н.

**Натпревари кои се бодуваат во поединечна и во екипна конкуренција а се одржуваат во еден ден:**

Кај екипните натпревари кои се одржуваат во еден ден, победник е екипата која има најмал збир на поени на свои натпреварувачи. Натамошниот пласман се одредува според збирот на поените од помалиот кон поголемиот.

Доколку две или повеќе екипи имаат ист збир на поени, подобар пласман ќе има екипата со поголема уловена тежина.

Доколку и уловената тежина е иста, подобар пласман ќе има екипата чиј натпреварувач има најголема индивидуална тежина во било која зона.

Доколку и најголемата индивидуална тежина е иста, подобар пласман ќе има екипата чиј натпреварувач остварил подобар резултат во секторот со таа тежина.

**Натпревари кои се бодуваат и во поединечна и во екипна конкуренција, а се одржуваат во два натпреварувачки дена:**

Кај екипните натпревари што се одржуваат во два дена, победник е екипата која има најмал збир поени на свои натпреварувачи од двата дена. Натамошниот пласман се одредува според збирот на поените од помалиот кон поголемиот.

Доколку две или повеќе екипи имаат ист збир на поени, подобар пласман ќе има екипата со поголема уловена тежина.

Доколку и уловената тежина е иста, подобар пласман ќе има екипата со најголема индивидуална уловена тежина во било кој од двата натпреварувачки дена.

Доколку и најголемата индивидуална тежина во било кој од двата дена е иста, подобар пласман ќе има екипата чиј натпреварувач остварил подобар резултат во секторот со таа тежина.

Доколку натпреварувачот (поради оправдани причини) отсуствувал едниот ден, тој ќе биде рангиран после натпреварувачите кои учествувале двата дена.

**Натпревари кои се бодуваат и во поединечна и во екипна конкуренција, а се одржуваат во повеќе кола:**

По составување на комплетната ранг листа во екипна конкуренција за тоа коло, поените се претвараат во бодови. Првпласираната екипа добива бодови еднакви на бројот на екипи учесници кои го започнале натпреварувањето, а останатите екипи последователно по еден бод помалку. (Пример: натпреварувањето го започнеле 10 екипи, првата добива 10 бодови, петтата добива 6 бодови, и тн.)

Кај лига натпреварите, најдобар пласман ќе има екипа со најголем број на освоени бодови од сите одржани кола, а понатамошниот пласман се одредува од поголемиот кон помалиот збир на бодови.

Во случај на исти збир на бодови, подобар пласман ќе има екипата со поголема уловена тежина вкупно од сите одржани кола.

Доколку и уловената тежина е иста, подобар пласман ќе има екипата чиј натпреварувач има најголема индивидуална тежина во било кое коло.

Во случај и на ваква еднаквост подобар пласман ке има екипата чиј натпреварувач остварил подобар резултат во секторот со таа тежина.

**40. Судиско жири**

Еден ден пред натпреварите или пред самиот натпревар, се формира судиско жири кое го сочинуваат:

- Делегатот на натпреварот;
- Главниот судија (или врховниот судија)
- Претставник од домаќините (организаторот)
- Два претставници од водачите на екипите (или поединецот). Тие два претставници не смеат да бидат од истата екипа од која е главниот судија, секретарот или домаќинот на тој натпревар.

**41. Приговори**

Приговори во врска со натпреварот се поднесуваат писмено до главниот судија најдоцна 30 минути по завршување на истиот (седмиот сигнал за крај на натпреварот).

По приговорите одлучува жири комисијата чија одлука е конечна.

Приговор може да поднесе само капитен на екипа, како и натпреварувачи кои се наоѓале во двете соседни натпреварувачки стартни места (лево и десно) од натпреварувачот на кој се однесува приговорот.

За секоја писмен приговор се уплаќа депозит од 1.000 денари кај жири-комисијата. Доколку приговорот не биде усвоен од страна на жири-комисијата, депозитот оди во касата на организаторот, доколку се усвои, износот се враќа на подносителот.

Жири-комисијата има должност, по писмен пат да го извести подносителот на приговорот.

Членовите на жири-комисијата мора беспрекорно да го познаваат Правилникот за натпревари и за судење.

Во однос на пласманот приговори се поднесуваат писмено до МРФ најдоцна 3 (три) дена по објавувањето на резултатите (по завршувањето на натпреварот).

По ваквиот приговор одлука донесува судиската комисија при МРФ и нејзината одлука е конечна.

**42. Антидопинг контрола**

Натпреварувачот кој е одбран за антидопинг контрола, мора да се појави на одреденото место и во одреденото време за антидопинг тест.

Доколку не се појави, во поединечна конкуренција го губи пласманот а неговата екипа ќе биде казнета и ќе има +1 пласман од вкупниот број на екипи учеснички.

Трошоците за антидопинг контролата се на сметка на организаторот.

Организаторот е должен да внимава на опремата на натпреварувачот додека тој е на антидопинг контрола.

**43 Казнени одредби и дисциплинска постапка**

Дисциплинска постапка се започнува за секое нарушување на правилата за натпревари и судиските правила, неспортско однесување, самоволие, насилство, нарушување на редот и мирот на натпреварот и угледот на МРФ и спортот воопшто или било какво однесување кое претставува дисциплински прекршок.

Според Дисциплинскиот правилник се регулираат дисциплински одговорни лица, дисциплинските мерки и соопштување и извршување на санкциите за прекршоците.

**44. Завршни одредби**

Овој Правилник е изготвен според официјалниот Правилник на ФИПС-ед за натпревари од13-14 /12 / 2024 година (Official Rules “FREE STYLE METHOD FEEDER” approved by F.I.P.S.e.d. Directing Committee – Mantua (Italy) –

Сите нови измени и дополнувања од ФИПС-ед благовремено ќе се ажурираат.

Судиската комисија и УО на МРФ може да направат прилагодување на правилата според условите во нашата земја.

Појаснување на одредбите на овој Правилник врши Судиската комисија и УО на МРФ.

Правилникот се прифаќа на состанок на УО на МРФ и од тогаш ќе почне да се применува.

Ноември 2025
Правилникот го ажурирале :
Гоце Симјановски
Никола Кметовски

Претседател на комисија за Метод фидер
Гоце Симјановски

Претседател на УО на МРФ
Филип Серафимовиќ